# Модули за мировно образование во средното образование

Скопје, февруари 2024

ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СОДРЖИНА

1 ВОВЕД......3

1.1 ШТО ПРЕТСТАВУВА МИРОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ?......4

2 МОДУЛИ ЗА МИРОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ......9

2.1 НЕНАСИЛНА КОМУНИКАЦИЈА......9

2.2 УПРАВУВАЊЕ СО КОНФЛИКТИ......11

2.3 ВРСНИЧКА МЕДИЈАЦИЈА......14

2.4 НАСИЛСТВО И НЕНАСИЛСТВО......17

3 ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ......22

Едукацијата со теми и содржини од мировното образование се реализира во Македонија од раните ʹ90-ти. Тие се интензивираа за време на војните во другите делови на поранешната СФРЈ и по конфликтот во Македонија во 2001 година. Според нашите сознанија, неколку илјади наставници и друг образовен кадар имаат учествувано барем на еднодневни, а многу често и на повеќедневни работилници водени најпрво од експерти од САД, Европа, земјите од регионот, а потоа, сѐ повеќе и од самата Македонија.

Постојат многу материјали за наведената проблематика.

Мировното образование е застапено во официјалниот курикулум во РС Македонија, во средното и основно образование, на различни начини. Овој материјал е уште еден чекор во унапредување на процесот на учење за мир, кој и досега се реализирал и не претендира да биде синтеза на сите досегашни напори. Тој е покана да се вклучат сите релевантни чинители кои се грижат за оваа проблематика и имаат што да кажат.

Наша желба е материјалот со понудените модули да се гледа како можен чекор напред кон воведување/реализирање на Мировното образование во наставните планови и програми или животот и работата на училиштата за средно образование.

Повторуваме, без стотиците, па дури и илјадниците работилници спроведени во последните повеќе од триесетина години и напорите на сите вклучени, ни овој чекор напред немаше да биде возможен.

Би сакале да им се заблагодариме на сите оние кои на кој било начин придонесоа за постоењето и развојот на Мировното образование, затоа што денес зборуваме и се залагаме овие важни теми да продолжат да се развиваат, проширувааат и реализираат, да се вклучени и присутни во официјалните државни училишни курикулуми и институции.

Авторите

# ВОВЕД

Човештвото ја завршува првата четвртина од 21 век. Светот денес е значително различен од времето кога се родиле повеќето наставници, кога биле изградени повеќето училишта. Климатските промени нè предупредуваат дека ние како цивилизација мора драстично да го промениме нашиот начин на живот. Суши, поплави, екстремни температури, бури стануваат „новото нормално“ за сè поголем дел од планетата. Релевантните проценки укажуваат дека во таа насока веќе доцниме, како што е примерот со употребата на фосилни горива.

Во денешно време, кога светот се соочува со многубројни предизвици и конфликти, Мировното образование игра клучна улога во изградбата на толерантно и инклузивно општество. Мировното образование не само што ги поттикнува учениците да го разберат комплексниот карактер на конфликтите, туку и ги поттикнува да развиваат вештини за решавање на истите, способности за комуникација и меѓукултурно разбирање. Преку учењето за мир учениците стануваат свесни за вредностите на соработка и почит кон различностите. Мировното образование ги подготвува новите генерации да бидат активни граѓани/граѓанки[1], способни да придонесуваат кон изградбата на стабилно и мирно општество каде секој има право на образование и еднакви можности.

Неодамнешното искуство со пандемијата ни покажа дека науката, соработката и солидарноста се единствените вистински одговори. Веќе навлеговме во ерата кога вештачката интелигенција може на секој ученик да му даде квалитетен одговор на речиси секое прашање кое досега се изучувало во училиштата. Како што светот се поврзува со новите технологии, социјалните мрежи, се соочуваме со негирање на науката, исмејување на човековите права, инциденти на малтретирање и навреди преку новите технологии на кои се изложени поголемиот број деца.

Додека светот во исто време забрзано се менува, постои зголемена грижа за блиската иднина, како и потребата да се заземе поинаков пристап кон предизвиците околу нас. Учењето од книги, печатени или електронски, веќе стана досадно и далечно за новите генерации. Новите начини на учење се и најстари – учење преку игра, од искуство, преку поврзување со други луѓе и нивните проблеми, преку заедничка работа, учење од млади луѓе, интересни луѓе, нови „идоли“.

Улогата на наставникот во таква средина не исчезнува, таа се менува. Од извор на знаење, наставниците стануваат (можни) влијателни водичи, помагачи, толкувачи и на начинот на учење и на начинот на критичко и етичко размислување и дејствување. Се менува и пристапот кон образованието, од улогата на креатори на пристојни граѓани кои ќе се вклопат во новоформирани сложени заедници (градови), образованието станува начин на опстанок – преку соработка, емпатија, одговорност, грижа за општото добро и живот на земјата.

---

[1] Сите поими кои се спомнуваат во еден род се однесуваат на сите родови идентитети.

Во современото општество има потреба од нови пристапи во образовниот систем, иако денес многумина ќе кажат „далеку сме од тоа“, заборавајќи дека пред само две децении повеќето деца немаа ниту мобилен телефон. Светот забрзано се менува, дигитализацијата е сѐ поприсутна и образовниот систем нужно треба да биде во чекор со технолошкиот развој.

Мировното образование, по неговото име може погрешно да звучи дека е антипод на војната. И тоа е, но не е ниту единствениот ниту главниот фокус. Додека се прашуваме кои теми се главните во образованието за мир, не го гледаме поважното прашање – каков е начинот на учење за која било тема по која го препознаваме образованието за мир?

Во таа насока е и овој предлог, со почитување на реалноста и постоечкиот училиштен систем во државата, општеството и животната средина во Европа и пошироко. Неговата цел е да ги зајакне наставниците, да ги вклучи и заинтересира учениците, но пред сѐ, да ги избрише класичните поделби и граници меѓу едното и другото. Ова нема да биде лесно и никој не е виновен за отпорот, но тој ќе се намали колку повеќе пристапот на Мировното образование ја олеснува сѐ понапорната работа на наставниците, неподготвени за предизвиците во 2024/25/26... година, а училиштето ќе го направи место каде учениците ќе добијат вистинска, соодветна подготовка за животот и општеството во времиња за кои не ни знаеме какви ќе бидат.

## Што претставуваат модулите за Мировно образование?

Мировното образование е предизвик за кој најважен е начинот на кој се поучува, спроведува, односно, како, на кој начин, со кои форми и методи се обработува во воспитно-образовниот систем. Мировното образование и воспитание може да се применува уште од мали возрасти, до зрели години, но овде акцентот е на образованието и воспитувањето за мир на средношколската младина. Тоа опфаќа широк спектар на подрачја, содржини и методи на поучување.

Мировното образование ги применува следните пристапи во учењето:

- **Интерактивност** – учење со меѓусебни интеракции помеѓу учениците и другите вклучени во процесот.

- **Партиципативност** – учениците учат со активно учество и го кооформуваат процесот на учење. Ученикот не е предмет што стекнува знаење или некритички ги усвојува објаснувањата на авторитетот, туку е креатор во процесот заедно со наставникот и другите ученици.

**Искуствено учење**
процес на учење во кој учениците учат преку сопственото искуство („учат правејќи“), размислувајќи за искуството и поврзувајќи го наученото со секојдневната реалност.

**Хоризонталност**
во процесот се трансформира улогата на авторитетот, па дури и на наставникот, кој веќе не е надреден на учениците, бидејќи во секоја ситуација може да се научи од искуството или мислењето на секој учесник во процесот.

**Градење односи**
се јавува како алка што не е многу присутна во досегашниот начин на работа во образованието. Тоа подразбира: учење на соработка, при што сите вклучени во процесот на учење заемно се помагаат, а компетицијата, ако воопшто ја има, мора да има конкретно значење; емпатија; градење доверба; решавање на несогласувања и конфликти на заемно прифатлив начин, без наметнување или употреба на насилство.

**Вредносно ориентирана**
каде што во сите делови од процесот се среќаваат вредностите кои се темели на Мировното образование, како што се: еднаквост на сите човечки суштества, грижа за слабите и почитување на достоинството на едни со други и на остатокот од живиот свет, избегнување и спречување на насилството преку градење култура на мир каде фрустрациите и недоразбирањата се решаваат/се трансформираат на начини кои не ги навредуваат/повредуваат другите суштества.

**Љубопитност**
бидејќи вниманието на децата е важно и секое учење мора да биде проследено со детско внимание. Ова ги вклучува неопходните паузи, промени во методите, вреднување на ефектот на досада и првенствено го воведува секое дете како креатор на неговиот дел од процесот за кој е одговорно. Се заснова на создавање на позитивни очекувања кај самите ученици и во однос на содржините, но и на самиот начин на кој тие содржини се обработуваат.

**Развојност**
каде што самиот метод на стекнување знаење ги подготвува децата за соживот, комуникација и соработка со други луѓе и други живи суштества.

**Дигитална писменост**
претставува збир на знаења, вештини и однесување кои се однесуваат на дигиталните апарати, како што се декстоп компјутери, лаптопи, паметни телефони и слични уреди и техника, а се однесуваат на способности да се користат и употребат информациските и комуникациски технологии за да се пронајде, комуницира или креира информација. Или можат да се читаат и разбираат дигитално запишани текстови, хипертекстови и мултимедијски текстови. Таа претставува еден понов облик на современа писменост во информатичкото време кое овозможува пронаоѓање, анализа, процена, пренесување на информации во дигитален формат.

*Претставените модули се засноваат на тридецениското искуство со теми поврзани со мирот, главно, но не исклучиво, во граѓанскиот сектор во РС Македонија, туку и во другите постјугословенски земји, па и случувања/трендови во светот. Самиот предлог доаѓа од Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ, но се потпира на досегашната и сегашната работа на сите оние кои веќе се активни на полето на Мировното образование.*

**Материјалот нуди четири модули од областа на Мировното образование и тоа:**

2.1 ❖ Ненасилна комуникација

2.2 ❖ Управување со конфликти

2.3 ❖ Врсничка медијација

2.4 ❖ Ненасилство и насилство

Модулите ќе се најдат во училишните и други средини со цел да дадат инспирација, поддршка, да понудат одредени содржински, методски инструкции на наставниците, стручните соработници и воспитувачите во ученичките домови.

- Очекуван резултат е дека соодветната употреба на овој практичен материјал ќе доведе до *подобрување на училишната клима, намалување на врсничкото насилство и конструктивно справување со него.* Имено, актуелноста на темите предизвикани од современите потреби/опкружувањата на младите, наметнува итна интервенција со постојано јакнење на човечките капацитети во училиштето/ученичките домови, каде што учениците растат, учат, се развиваат во средина без насилство, притисоци, занемарување, заканување со цел обезбедување средина со мир, безбедност, среќа и радост за секој ученик.

- Мировното образование како нов пристап може лесно да произведе контраефект доколку се наметне, пропише и се сфати како нова обврска. Мора да биде олеснување за наставниците да се справат со новите предизвици на воспитувањето и образованието, да отвори пат кон учениците кои сè помалку се заинтересирани за училиште кое им го нуди она што, според нивното мислење, е непотребно и лесно достапно преку интернет или, пак вештачката интелигенција која е на повидок.

- Реализацијата на модулите бара вклучување на основните, средните и високо-образовните институции, владините тела, невладиниот сектор, родителите и другите засегнати страни кои се свесни за неопходноста од нови пристапи кон образованието во денешно време.

# 2. МОДУЛИ ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## 2.1. Ненасилна комуникација (ННК)

На луѓето кои првпат се среќаваат со овој термин/поим, им го поставуваме прашањето: „Како сакате другите да комуницираат со вас?“ Од нашето искуство, најчестите одговори се: со почит кон мене како личност, да ме сослуша и разбере што зборувам, ако не се согласуваат, да не ме навредат, туку јасно да го кажат своето мислење и потреби, за полесно разбирање и појаснување.

Го препорачуваме тоа како водечка идеја во овој модул.

- ННК не е „начин на комуникација“ што се учи напамет, тој се вежба и развива преку постојано практикување/примена, сè додека не стане природен начин на комуникација. За постигањата на тие вештини е потребно време, не треба да се избрзува, вреднува или оценува.

ННК се практикува во сите ситуации на Мировното образование, а со текот на времето и пошироко. Таа најдобро се учи кога учениците ќе ја видат добивката, јасната придобивка од комуникацијата на начин кој ги почитува луѓето.

Терминот ненасилна комуникација е поврзан со учењето на Маршал Розенберг од САД, кое опишува комуникација која е насочена кон разбирање на соговорниците и јасноста на изразот на говорникот со заемно почитување, особено при несогласување и конфликт. Општо прифатено е дека ненасилната комуникација, барем во нејзината најосновна форма, е основата на секое мировно размислување и работа/образование/вештина.

- Под Мировно образование подразбираме она што го спречува, превенира, избегнува, намалува и разрешува насилството во која било форма. Иако полето на ненасилната комуникација е големо, во основна форма која не бара долги студии и неопходност од долгорочна пракса, ние ја сумираме во неколку клучни
карактеристики:

*Активно слушање, зборување во свое име (избегнување на генерализација), примање и давање повратни информации (коментари, пофалби и критики).*

Користењето на *техниките на ненасилната комуникација* ги подобруваат меѓучовечките односи, ги ублажуваат разликите во комуницирањето за задоволување на индивидуалните изаедничките потреби, ги учи луѓето како да не користат или избегнат јазик на огорченост, а да поттикнуваат добра волја и понатамошна желба за комуникација.

- ННК може секаде да се употребува, во образовните институции, во личните односи, во семејството, со пријателите, другарите итн. поради својата ефективност/успешност, а претставува основа за примена во медијацијатаи преговарањето. Но, треба да се потенцираат/нагласат општите принципи и техники на ефективна комуникација, дека тоа се поврзува со разбирањето на конфликтите, како и нивна трансформација со медијацијата.
- ННК го олеснува процесот на размена на информации, помага во ублажување на разликите во комуникацијата, им помага на луѓето да зборуваат на начин и јазик со кој се јакне довербата, ги учи луѓето како да избегнат говор кој создава огорченост, лутина, несигурност.

## Резултати од учењето

### Знаења/вештини

- Знае за основните карактеристики на ненасилната комуникација која помага во управување со конфликтите;
- Ја разбира потребата од примена на ненасилната комуникација во унапредување на меѓучовечките односи;
- Ја разбира врската на ненасилната комуникација со конфликтите;
- Разбира дека тешкотиите во комуникацијата со другите може да бидат причина за страв, фрустрации и насилство;
- Идентификува бариери при комуникација со другите;
- Умее да применува техники на ненасилна комуникација во секојдневието, со врсниците и возрасните (активно слушање, парафразирање, резимирање, „јас“ обраќање).

### Ставови/вредности

- Сфаќа дека за здрава и добра комуникација важно е активното слушање, соодветното реагирање, покажувањето емпатија и разбирање за потребите на другите, искажување на сопствените грижи и потреби на конструктивен начин;
- Прифаќа дека интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат интересите и потребите;
- Разбира дека ненасилната комуникација со асертивност и емпатија може да спречи насилно и агресивно однесување;
- Свесен е за значењето на личните и групните вредности, начинот на нивно создавање, поврзаност и последиците од судирите меѓу нив.

## Содржини и поими

- **Поим и карактеристики на ненасилната комуникација** (вербална и невербална комуникација – Што ја определува?, број на учесници, место, простор, време, цел/намера, улогите и искуството на учесниците, пол, возраст; рамноправен партнерски, двонасочен однос, составен од изразување на себеси и слушање на другиот; што ми се допаѓа/не ми се допаѓа во комуникацијата со други, бариери во комуникацијата).
- **Техники на ненасилната комуникација** (активно слушање, парафразирање, отсликување, резимирање, отворени/затворени прашања, „јас“ обраќање, фидбек (повратна информација).
- **Елементи на ненасилната комуникација -** Набљудување на она што се случува, идентификација (на своите чувства поврзани со опсервацијата), идентификација на своите потреби; формулирање на барањето (според сопствено видување).

| Р.Бр. | Вид на активност |
|---|---|
| 1. | **Комуникација**. На две различни флипчарт-хартии учениците даваат одговори на прашањето *Што ми се допаѓа во комуникација со другите?* и Што не ми се допаѓа во комуникација со другите? Добиените одговори се читаат пленарно и се поведува дискусија околу нив. На крај може да се изведат неколку работи како принципи, односно правила на однесување за време на заедничките работилници на групата во склоп на модулите за мировно образование. |
| 2. | **Ефективна комуникација**. На power point презентација се претставуваат и објаснуваат преку конкретни примери принципите и техниките на ефективна комуникација и тоа: активно слушање, парафразирање, отворени/затворени прашања, „јас“ обраќање, резимирање, демистификација. После секоја претставена техника следи задача со некоја ситуација на која учениците треба да одговорат применувајќи ја претставената техника. Се дискутираат понудените одговори. |
| 3. | **Бариери во комуникацијата**. Се бараат шест доброволци кои застануваат во круг и дискутираат на тема каде би оделе на матурска екскурзија, со тоа што секој учесник влече едно ливче на кое е ставено некоја бариера при комуницирање (критикување, испрашување, игнорирање...). При разговарање на темата учесниците треба да се придржуваат на добиените ролји, т.е да ги користат добиените бариери. На крај се поведува дискусија околу искуството, набљудувачите се ставаат во ситуација да погодуваат кој каква бариера користел и се прави поврзување со секојдневниот живот. |
| 4. | **Бура на идеи**: Ненасилна комуникација – На флипчарт наставникот бележи асоцијации на учесниците на темата *Ненасилна комуникација.* На крај се поведува дискусија околу добиените асоцијации, колку се тие присутни во нивната секојдневна комуникација и што може да се направи за воведување на култура на ненасилна комуникација. |

| | |
|---|---|
| 5. | **Примена на моделот набљудување - идентификација...** Во неколку групи, на учениците им се даваат по две-три сценарија во кои е претставен некој проблем. Задача на групите е да го применат моделот набљудување-идентификација на чувства-идентификација на потреби-барање и да смислат како би се обратиле. Следи еден пример со објаснување на секој чекор кој се вежба со учениците.<br><br>• Наблудување на она што се случува, без да се направи оценување, толкување или осудување (пр. ученик не носи подолго време домашни задачи);<br><br>• Идентификација на чувствата поврзани со опсервацијата, своите чувства − се чувствувам отфрлено, омаловажено, навредено: Јас се чувствувам незадоволно затоа што не носиш домашни задачи, или не ги завршуваш домашните задачи и обврски;<br><br>• Идентификација на нашите потреби (автономија, почитување, грижа), не на другите. Имено, вака би кажал наставникот: „Многу ми е важно, како наставник, моите ученици да ги остварат своите потенцијали да напредуваат во знаењата по математика.“;<br><br>• Формулирање на барањето според нашите опсервации, чувства и потреби. Барањата не се исти со наредбите кои, ги тераат луѓето на отпор и ја запираат комуникацијата. Барање е кога може да се прифати одговор со ДА или НЕ;  примерот со ученикот би изгледал вака: „Би сакала во иднина задачите по математика за домашна работа да ги решаваш редовно и навремено“. |
| 6. | **Фидбек (повратна информација).** Се објаснува природата на фидбекот, кои се правилата и за што служи. Потоа сите стануваат и се охрабруваат да пристапат на оние учесници на кои сакаат да им дадат фидбек или од кои сакаат да примаат фидбек. |
| 7. | **Рефлексија**. На крајот од секоја работилница се прави рефлексија преку дискусија на следниве прашања:<br>• Што правевме денес?<br>• Како се чувствувавте?<br>• Што научивме?<br>• Како може наученото да го примениме во секојдневниот живот? |

## 2.2. Управување со конфликти

Овој модул се занимава со конфликти, ситуации во кои потребите на сите учесници во односот не се задоволени, а тоа се заканува да го наруши, па дури и да го претвори во насилство тој однос. Полето е релативно ново, иако конфликтите секогаш ги интересирале луѓето. Се смета дека почетоците датираат од Првата светска војна, а вистинската основа на оваа научна област е поставена по Втората светска војна. За ова поле се користи различна терминологија, најзастапен е терминот „разрешување на конфликти“, но тоа е поради можното разбирање дека конфликтите може да се решат со враќање во состојба пред конфликтот. Сè пораспространетиот термин „трансформација на конфликтот“ укажува на динамичната димензија на менување (на квалитетот) на односите во самиот конфликт и промените што тој ги носи. Овде го нудиме терминот „управување со конфликти“, со надеж дека ќе биде попривлечно за учениците и наставниците и ќе ги поттикне да веруваат дека е можно да се управуваат конфликтите, а не нужно дека тие управуваат со нас.

Најважниот дел е отстранувањето на стигмата од самиот конфликт, која се перцепира негативно, иако секој од нас има многу такви секој ден со најблиските луѓе. Конфликтите се нормални и неопходни животни ситуации без кои нема (никаков квалитетен) живот. Самите конфликти не се проблем, туку нивниот потенцијал за насилство, кршење и/или загрозување на достоинството, па дури и на животот на друго лице, друго живо суштество. Управувањето со конфликти се смета за следен чекор по ненасилната комуникација во градењето заедници и односи кои се засноваат на почитување и спречување на насилство.

Училишните конфликти се случуваат кога децата се под пристисок на семејството, лошо искуство во училиштето, врсничко насилство, пубертетски предизвици... без самодоверба, повлеченост во себе, алкохол, (кој дава храброст или потврдува зрелост) дрога, достапност до мало и ладно оружје!... Пристапноста и некритичкото следење на медиумите, криминалните серии, екстремното насилство – кое го гледаат и слушаат во медиумите може да предизвика агресија, експлозија (експрес-лонец) и насилство. Конфликтите настануваат кога ученикот во центарот е растргнат од притисокот од 3 страни: од училиштето, родителите, врсниците.

## Знаења и вештини

- Знае за причините за појава на конфликти;
- Свесен е дека конфликтот има видливи и невидливи страни;
- Може да препознае различни облици на однесување при конфликтна ситуација;
- Може да ги идентификува страните во конфликтот;
- Може да ги препознае конфликтите кои се случуваат во секојдневниот живот (на училиште, во домот, во соседството);
- Умее да ги идентификува причините за конфликти и да ги препознае незадоволените потреби во конфликтите;
- Прави разлика меѓу разните видови конфликти од лични до меѓународни
- Умее да ги примени основните пристапи во конфликтите;
- Ги користи техниките за управување со конфликтите, кои помагаат во ачувување на интегритетот на личностите и односите.

## Ставови и вредности

- Го прифаќа сознанието дека живот без конфликти не постои, тие се неизбежен дел од животот на човекот;
- Сфаќа дека во секој конфликт има најмалку две страни;
- Свесен е дека е важно да се биде внимателен во комуникацијата;
- Прифаќа дека на конфликтите треба да им се пријде конструктивно (со комуникација и соработка) за да не се нарушат меѓусебните односи;
- Согледува дека од начинот на реагирање зависи дали конфликтот ќе се реши или ќе ескалира;
- Сфаќа дека луѓето може различно да гледаат на исти нешта и тоа да биде извор на конфликт.

## Содржини и поими

- **Поим, видови и природа на конфликтите** (нормален дел од животот, конструктивен деструктивен приод, интерперсонални конфликти, групни конфликти)
- **Извори на конфликти** (ограничени ресурси, незадоволени потреби – биолошки и психолошки, вредности/приоритети)
- **Реакции и исходи на конфликтите** (спротивставување, избегнување, комуницирање, победа – победа, победа – пораз, соработка, консензус, компромис, напаѓање/натпреварување, попуштање)
- **Позиции и потреби** (страни во конфликтот, позиции – Што сакаш?, потреби – Зошто го сакаш тоа?
- **Фактори што влијаат на конфликтите** (перцепција/различни гледишта, претходно искуство, стереотипи и предрасуди)

| Р.Бр. | Вид на активност |
|---|---|
| 1. | Учениците се запознаваат со поимот конфликт преку бура на идеи. Следно, се дискутира за добиените инпути при бурата на идеи и се утврдува дека зборот конфликт кај нас се толкува како нешто „лошо“ кој не дава мир, спокој, развој и благосостојба на луѓето/младите/децата. Често конфликтот асоцира на: насилство, убиство, караници, тепање, лаги, непочитување на туѓото мислење, уништување итн. Но, во многу малку случаи се дошло до некоја позитивна асоцијација како: промена, просперитет, љубов, разбирање, прифаќање, прогрес итн. Може да се зборува за позитивните влијанија на конфликтот. |
| 2. | На флипчарт табла се црта една голема санта мраз (колку што е голем флипчартот) и на средина се повлекува една линија. На учесниците им се укажува дека сантата мраз претставува конфликт, при што на горниот дел се наоѓа сето она што се гледа при конфликтна ситуација, додека во долниот дел се наоѓа сето она што е присутно во конфликтната ситуација, но останува невидливо. На крај се поведува дискусија околу добиените работи со посебен осврт на тоа како може работите од долниот дел од сантата да се освестат, кој сè што може да направи за тоа и на тој начин подобро да се управува со конфликтот. |
| 3. | На учениците им се презентира ситуацијата на делење на портокал, при која се објаснува дека сестра и брат истовремено посегнуваат по еден портокал и бидејќи не може да се договорат, се вклучува трета страна – нивната мајка. Се проверува со учениците како мајката би го решила конфликтот и потоа се додава дека најчесто мајка која не е обучена за разрешување конфликти одлучува да го подели портокалот на пола. |
| 4. | Во продолжение се објаснува дека сестрата го сака портокалот заради кората (за да направи колачи), додека братот го сака портокалот заради сокот (затоа што е жеден). Се објаснува дека позициите во конфликт се откриваат со прашањето: Што сакаш?, додека потребите со прашањето: Зошто го сакаш тоа? Делењето на пола е компромисно решение (секој нешто добива, но и нешто губи додека, пак кога се откриваат потребите, може и двете страни да добијат 100 % од тоа што го сакаат. |

| | |
|---|---|
| 5. | Барометар. Наставникот чита една по една повеќе изјави, а учениците после секоја изјава се редат долж една линија со екстреми се согласувам и не се согласувам. После секоја изјава се дискутира околу изјавата со тоа што се изјаснуваат учесниците кои застанале на различните краеви од линијата. Учесниците може да ги променат своите места во текот на дискусијата. |
| 6. | Во парови, учениците добиваат еден заеднички А4 лист и само едно пенкало со задача да нацртаат заеднички цртеж на тој начин што и двајцата истовремено ќе го држат пенкалото. При тоа, тајно на секој од паровите им се дава посебна инструкција (на едниот учесник дека треба да нацрта сцена од град со големи згради, додека на другиот учесник сцена од плажа). На крај се дискутира како му пристапиле на конфликтот, каков облик на реакција имале и до каков исход дошле. |
| 7. | Учесниците слушаат кратка презентација за тоа кои се изворите на конфликти. Потоа учениците се делат во неколку групи. Секоја група извлекува една конфликтна ситуација со задача истата да ја претставаат преку статуи (сите членови на групата заземаат одредена позиција и стојат замрзнати околу 30 секунди.) После секоја статуа се дискутира за тоа кои се страните во конфликтот и кои би биле извори на конфликтите. |

## 2.3. Врсничка медијација

Медијацијата е скоро најстар начин на управување со конфликти во кој се вклучуваат посредници, неутрални лица, но блиски до конфликтните страни – на исто ниво на моќ. Овој пристап се работел само како проект во образовните системи. Училиштата, како место на растење и социјално созревање, се места на бројни вербални и физички конфликти меѓу учениците.Повеќето од нив се со низок интензитет и може да се сметаат за прифатливи во зависност од степенот на развиеност на целата општествена заедница, но помал дел, кој не е занемарлив, предизвикува и може да предизвика трајни последици кај учесниците во конфликтот.

Вообичаената интервенција на училиштата за пријавување на насилство понекогаш е неопходна, но тоа не секогаш доведува до трансформација на конфликтот, туку само привремено го потиснува и евентуално го преместува надвор од самото училиште. Интервенцијата на „моќните“ е претежно од ретрибутивен карактер (фокус на сторителот и казната), иако има сè повеќе примери и сознанија за важноста на ресторативните практики (фокус на жртвата и односот меѓу страните во конфликтот).

## Резултати од учењето

### Знаења и вештини

- Го разбира процесот на медијација со врсници и ги знае придобивките од него;
- Прави разлика меѓу посредување и арбитрирање;
- Применува елементи од процесот на врсничка медијација во секојдневниот живот.

### Ставови и вредности

- Прифаќа дека третата страна некогаш е неопходна за решавање спорови;
- Сфаќа дека медијацијата дава сигурност, решава спорови на начин кој е прифатлив за нив;
- Прифаќа дека треба да се бара посредство од трета страна тогаш кога конфликтот не може да се реши меѓу самите страни;
- Прифаќа дека за процесот на медијација треба да има соработка, желба да се реши спорот. Ја прифаќа медијацијата од врсниците како добредојден, прифатлив начин на справување со конфликтите на училиштето/ученичкиот дом;
- Го поддржува процесот на медијација во училиште.

## Содржини и поими

- Решавање спорови со помош на трета страна (трета страна, медијатор, посредник, арбитратор, медијација, арбитража)
- Важно за медијацијата, принципи (доброволност, неутралност, доверливост, договор за работа, вештини на комуницирање, ненаметнување)
- Фази на медијацијата (градење атмосфера, дефинирање на проблемот, позиции на страните, потреби на страните, реформулација, бреинсторминг на решенија, донесување одлука, спроведување на одлука).

| Р.Бр. | Вид на активност |
|---|---|
| 1. | На час се претставуваат видеоисечоци од процес на медијација. Со учениците се дискутира околу карактеристиките на процесот. Што сѐ прави медијаторот и зошто е тоа важно? |
| 2. | Се формираат две тројки со ученици. Едната тројка добива задача да симулира процес на решавање спор со помош на арбитар, а другата тројка добива задача да симулира решавање спор со помош на медијатор/посредник. Страните во спорот добиваат ливчиња со опис на спорот, односно нивната улога. Арбитраторот како и посредникот, исто така, добиваат насоки на едно ливче за тоа која е нивната улога во процесот. Откако ќе се претстават двете симулации, се поведува дискусија за улогата на арбитраторот, посредникот, страните, како и разликите меѓу процесот на медијација и арбитрација. |
| 3. | Наставникот држи кратка презентација за фазите на медијација – Што е карактеристично за воведната фаза, а што се случува во наредните фази? После објаснувањето на секоја фаза следи симулација на некој случај со учество на две страни и медијатор, проследено со дискусија околу тоа што сѐ прави медијаторот, што се добива со тоа (за секоја конкретна постапка). |
| 4. | Вежби за симулација. Користејќи ги знаењата од претходните часови, се симулираат различни случаи, секогаш проследени со групна дискусија околу процесот. |

## 2.4. Насилство и ненасилство

Овој модул се занимава со разбирање на различни видови насилство, нивните причини и последици. Иако може да се смета дека овие теми се обработуваат на часовите по Македонски јазик, Историја и други предмети, сепак постои разлика. Овој модул првенствено има за цел да ги поттикне учениците да препознаат насилство во различни форми и заедно да бараат алтернативи. Можеби најдобриот пристап е учење како да се придонесе кон мирот. Терминот насилство го поврзуваме со поимите идентитет, достоинство, мои потреби, заедница, општество, соработка. Ненасилството е постојан напор да не се повреди друго живо суштество, не само заради него, туку и заради зачувување на сопственото здравје и здравјето на заедницата на која се припаѓа.

### Резултати од учењето

#### Знаења и вештини

- Може да го поврзе чинот на насилство со сите последици кои ги носи (пред сѐ за жртвите, но не само за нив);
- Ги препознава на „невидливите“ форми на насилство: емоционално, вербално, културно, структурно, економско;
- Може да препознае кога самиот е жртва на насилство, кога е сторител, кога е сведок;
- Може да бара алтернативи за насилството, да излезе од улогата на сведок и да ја преземе улогата на активен противник;
- Умее да препознае различни облици на сајбер-насилство;
- Препознава ранливи групи во општеството, неправдата и стигмата врз нив;
- Може да го разбере потенцијалот за насилство на новите технологии и вештачката интелигенција.

#### Ставови и вредности

- Ја разбира важноста за безбедно користење на новите технологии (интернет/социјални мрежи);
- Прифаќа дека треба да се заштитат, остваруваат правата на секој човек;
- Прифаќа дека ненасилството е основа за секоја здрава заедница која напредува и во која членовите се чувствуваат добро, комуницираат квалитетно, соработуваат.

## Содржини и поими

- **Што е насилство? Видови насилства**

(физичко, вербално, психолошко, социјално, сексуално, сајбер-насилство, булинг)

- **Што е ненасилство?**

(ненасилство, ненасилна акција, мир)

- **Булинг**

(булинг, малтретирање, жртва, сведок/набљудувач/спасител, џелат/прекршител)

- **Кој врши притисок?**

(социјален притисок, врснички притисок)





| Р.бр. | Вид на активност |
|---|---|
| 1. | На флипчарт-хартија се пишува зборот насилство и учесниците се поттикнуваат да даваат асоцијации за зборот насилство. Потоа се поведува дискусија за поимот насилство и за разните облици насилство кои постојат. Откако се завршува со првиот дел, на друга флипчарт-хартија се запишуваат идеи/примери за сето она што е спротивно на насилството. На крај се резимира што е насилство, а што ненасилство. |
| 2. | Поделени во неколку групи учениците добиваат однапред подготвени сценарија во кои се претставени ситуации на насилство. Во група учесниците се договараат како ќе ги изглумат. Откако ќе се изглумат, се поведува дискусија околу тоа кои се страни, односно улоги вов ситуациите на насилство, што секоја од страните може да направи за да се спречи насилството, зошто доаѓа до насилство и сл. |
| 3. | На една маса се поставуваат листови А4 на кои се наведени разни појави во општеството или разни поими. Секој учесник избира еден лист и си го поставува на под вдолж еден континуум со полови Е НАСИЛСТВО и НЕ Е НАСИЛСТВО. Откако ќе се наредат сите листови, учесниците внимателно ги разгледуваат и доколку сметаат дека има некој лист кој не е поставен на вистинското место, го земаат и го пренесуваат таму каде што сметаат дека треба да стои. На крај се поведува дискусија околу оние појави кои биле преместени. Една по една се дискутираат појавите кои биле преместени. Зошто некој смета дека одредена појава претставува повеќе или помалку облик на насилство. |
| 4. | Во неколку групи учениците влечат по едно ливче на кое е претставена некоја социјална мрежа (фејсбук, снапчет, тик-ток, интернет, ватс-ап и слично) со задача да продискутираат и да наведат кои би биле потенцијални опасности од користењето на платформата која им се паднала, како може тоа да се манифестира и како може да се превенира. Секоја група ја презентира својата работа проследена со кратка дискусија. |
| 5. | Преку прожектор се претставува некоја кампања која се случила во нашата земја. Се пуштаат видеоматеријали, но се претставуваат и визуелниот начин на претставување на пораките како и самата содржина и значење кои се упатуваат до целната група. |

| | |
|---|---|
| 6. | Сите стојат во круг и ја читаат на глас песничката „Ја опули се девојче“. Наставникот шета во внатрешноста на кругот и одвреме-навреме им дава бонбончиња на одредени учесници за читањето, а после секои 15-тина секунди еден по еден ги исклучува учесниците од играта/активноста барајќи да си седнат. Така, во рок од 2-3 минути континуирано ги наградува едни учесници, а исклучува други додека сите не бидат исклучени. Еден учесник однапред добива задача да запишува приговори кои учесниците би можеле да ги имаат во текот на играта/активноста. На крај, прво се проверува дали имало приговарања и потоа се поведува дискусија околу дискриминацијата во општеството што одредени групи ја вршат кон други групи/поединци и одговорноста на граѓаните за реагирање. |

## 3. ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА/УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

### 3.1 Начин на работа – препораки

**Се препорачува просторот да се организира на тој начин што сите ќе седат во круг. Маси од страна се препорачливи за работа во мали групи. Некои препорачани методи на работа:**

- Презентација на видеоматеријали, пауер-поинт презентации
- Играње улоги/симулацијана случаи
- Работа во групи, во парови
- Анализа на текстови
- Пополнување на работни листови и презентирање
- Презентирање на групна работа
- Примери од реален живот
- Дискусија во мали групи – пленарна дискусија (со цела група)
- Бура на идеи
- Барометар

### 3.2 Примери за активности

Понудените примери за активности претставуваат буквално примери, понудени активности кои треба да послужат како инспирација за обликување на работилницата. Тие не се опишани со покривање на сите детали и затоа треба внимателно да се проучат при подготовка на работилниците кои се дел од понудените модули. Дополнително, може да се користат и други активности кои се во склад со наведените резултати од учење.

## 3.3. Реализација на модулите

Работилниците кои се дел од пропишаните модули за Мировно образование се реализираат во средните училишта како вonнаставни активности/проектни активности, во согласност со наставниот план и програма во средното образование.

**Улога на наставникот:**

Наставникот во тек на реализацијата на овие модули ги обучува учениците за разрешување на најразлични конфликтни ситуации, притоа воведувајќи ги во најразлични теми поврзани со личноста, адолесценцијата, комуникацијата, конфликтни спорови, грижа и чувства за другиот и сл.

Тој ги планира активностите како проектни активности, воннаставни, слободни ученички активности и сл. Ги определува деновите и часовите кога ќе се изведуваат активностите со распоред кој нема да се поклопува со редовна настава, нема дополнително да ги оптоварува учениците. Формира групи со кои ќе работи, дава општи упатства и објаснување за темите, динамиката, ги насочува учениците пред и во текот на работата.

**Улогата на ученикот:**

Активно се вклучува во процесот на обработка на содржините, низ искуствено учење содржините ги восприема и разработува на личен план, а преку дискусија за содржините/искуството донесува општи заклучоци за појавите во општеството/училиштето. Учениците покажуваат интерес за примена на позитивна проактивна дисциплина, развиваат вештини за грижа и поддршка, почитуваат правила на однесување, покажуваат пример за позитивен модел на однесување во училиштето и надвор од него.

Модулите се значајни и корисни за целата школска популација, во кој било облик и форма на настава или воннаставни активности. Учениците се оспособуваат за примена на знаењата, вештините и ставовите стекнати со оваа програма во секојдневниот живот, за самостојно расудување, толеранција, заемна доверба, размислување, анализирање и донесување на заклучоци кои ќе им помогнат во разрешување на конфликтни ситуации во училиштето и надвор, понатамошното образование и професионално усовршување.

## *Кој може да реализира модули од Мировно образование?*

Наставници кои активно учествувале на повеќе обуки и добиле потврди/сертификати за следниве видови обуки:

- Тренинзи и обуки поврзани со градењето мир, трансформација на конфликти итн., како основен и напреден тренинг за Мировно образование и градење мир – организирани од Детската амбасада Меѓаши во рамките на Програмата за мировно образование, обуки за врсничка медијација во рамките на некои проекти и обуки, со соработници, партнери, НВОа и МОН, БРО, како и кои било други обуки поврзани со темите кои се разработуваат преку модулите за Мировно образование.

Во средното образование

- Водичот/програмата со модулите за МО во средното образование може да се реализира со прилагодени и прифатливи стандарди на постигнувања за средношколската младина во училиштата и ученичките домови. Дополнување со содржини и поими според возраста и потребата на средношколската младина (пр. екстремни појави кои водат кон насилен екстремизам, насилство и грубо однесување меѓу младите, употреба на физичко насилство, ножеви, ладно оружје),

- Модуларната програма во средното образование може да послужи како водич за работилници и обука на учениците за знаења/вештини/способности за превенција, намалување или избегнување на насилството. Секое училиште ќе има огромна придобивка и предност од нивното реализирање. Некои училишта досега веќе имаат развиено свои програмски активности.

- Тие може да се реализираат надвор од неделниот распоред на часови со временска рамка и динамика која ја предвидува наставникот/обучувачот. Некои модули можат да се реализираат како програма на стручното училиште кое прави програма, ја планира (пр. Мировно образование), по насоки и образец на Центарот за стручно образование и ја доставува на мислење до Бирото. За гимназијата, пак има на веб-страницата на БРО – Програма за проектни активности, која може да содржи тема од областа на Мировното образование. Можат да се користат и препорачаните модули кои може да влезат и во рамките на годишен фонд на часови на наставникот.

- Учениците учествуваат во реализација на програмата, а нивната активност се документира во ученичко портфолио или добиваат препорака, мислење за успешно завршена настава.

- Годишната програма за работа на училиштето, слободни ученички активности или учество во проекти на темите, во партнерска реализација со граѓанскиот сектор.

## 3.4. Принципи на работа

| | |
|---|---|
| Инклузивност | Родова рамноправност сензитивност |
| Интеркултурност | Интеграција |

- Наставникот треба да обезбеди инклузивност во работата и реализацијата на модулите, да ги вклучи сите ученици во активностите, да се присутни физички, когнитивно и емоционално ангажирани со примена на современи методи на работа (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка итн.).

- Еднакво се вклучени и учениците со попречености, а наставниците еднакво ги третираат и момчињата и девојчињата, при што водат грижа да не ги делат во игрите и вежбите според полот, да не им доделуваат родово стереотипни улоги, притоа обезбедувајќи оптимален биолошки и психолошки развој и социјална инклузија.

- Во повеќејазичните училишта се настојува повеќето од вежбите и активностите да се реализираат заеднички, со мешање на учениците од паралелките. Мешањето на учениците од различните наставни јазици е особено важно за групните активности и игри, а со тоа се обезбедува меѓуетничка соработка и се превенира меѓуетнички натпревар. При изведба на активностите треба да се внимава кон сите наставни јазици да се пријде со почит, активностите да се изведуваат на сите наставни јазици со учество на двајца наставници кои ги покриваат различните наставни јазици.

**Препорачана литература**


Rosenberg, M. B. Nonviolent Communication: A Language of Life. Encinitas, CA: PuddleDancer Press, 1999.

Uzelac, M. Za Svemire: priručnik miroljubivog rješavanja sukoba u osnovnoj i srednjoj školi. Zagreb: Mali korak – Centar za kulturu mira i nenasilja, 2000.

Вукосављевиќ, Н. *Ненасилство?* Прирачник за тренинзи од ненасилна разработка на конфликти. Београд: Центар за ненасилна акција, 2001

Намалување на насилството во училиштата, како да се сменат нештата. Прирачник . Совет на Европа, 2006.

Franović, I. Mirovno obrazovanje kao pokretač društvenih promena: 20 POTICAJA ZA BUĐENJE I PROMENU o izgradnji mira na prostoru bivše Jugoslavije, Centar Za nenasilnu akciju , 2007

Bužankič, E., i sur. Učiti za mir: Analitička i normativna podloga za uvođenje vrijednosti, sadržaja i metoda mirovnog obrazovanja u formalni obrazovni sustav. Zagreb: Centar za mirovne studije, 2011.

Трикиќ, З., Коруга, Д., Врањешевиќ, Ј., Дејановиќ, В., Видовиќ, С. Прирачник за водачи на работилници од областа на образованието за вештини на медијација - Медијација меѓу врсници. Forum ZFD&TCMC&GTZ, 2011.

Образование за животни вештини: прирачник за наставниците од средните училишта. Петроска-Бешка, В, Негриевска, Ф, Балажи, С, Николоски-Алушевски, С, Дедова, Р, Скопје: Биро за развој на образованието, 2011.

Анализа на истражувањата спроведени во 5 училишта во Скопје во рамките на проектот Мировно образование (2011 - 2012). Прва детска амбасада во светот „Меѓаши", 2013

Јованова, С. Е. Сите во акција за безбедно училиште. Прирачник. Скопје: ОБСЕ, 2013.

Франовиќ, И., Вукосављевиќ, Н. *Ненасилство!* Прирачник за тренинг за градење мир. Белград: Центар за ненасилна акција, 2018.

Кон мировното образование. Зборник. Прва детска амбасада во светот „Меѓаши", 2018

На час по мир. Прирачник за обучувачи. Форум ЗФД, 2020

Компаративна анализа – мировно образование 2011-2019. Прва детска амбасада во светот ,,Меѓаши", 2020

Raffai, A., Mladaneovska-Teshija, J., Kersten, S. Čitanka: Nenasilje – utopija ili prilika, Zagreb: Regionalna adresa za nenasilno djelovanje, 2022.


[2] Препорачаната литература е базичната литература што ја користеле авторите. Исто така, дадени се интернет адреси на кои може да се најдат корисни материјали за тематиката

**Корисни интернет страници/материјали**

https://www.childrensembassy.org.mk/
https://nenasilje.org/
https://www.cms.hr/
https://www.nenasilje.org/publikacije/pdf/20poticaja/20poticaja-franovic.pdf
https://www.cnvc.org/
https://www.unesco.org/en/tags/peace-education
https://peaceeducation.org/
https://www.gppac.net/what-we-do/peace-education
https://www.economicsandpeace.org/
https://www.peacejam.org/
http://www.childrensembassy.org.mk/content/pdf/ANALIZA%20mk%20KOMPLETNA.pdf
http://www.childrensembassy.org.mk/content/pdf/Komparativnata%20analiza%20za%20na%20website.pdf
http://www.childrensembassy.org.mk/content/pdf/Svi%20smo%20mi%20mk%20FIN%20.pdf
http://www.childrensembassy.org.mk/inrformator-br-37-ns_article-kampanja-za-nasilstvoto-ne-treba-da-se-molci.nspx
http://childrensembassy.org.mk/content/pdf/Svi%20smo%20mi%20mk%20FIN%20.pdf

**Наслов**: Модули за мировно образование во средното образование

**Автори**:
Софка Коцева, советничка во пензија, Биро за развој на образованието
Goran Božičević, Установа за мировно образование и дејствување, Политики на ненасилство, Осијек, Хрватска
Safet Ballazhi, мировен активист
Sheruze Osmani Ballazhi, Доктор по психолошки науки, Универзитет во Тетово

**Модулите се изработени како резултат на долгогодишната соработка со Министерството за образование и наука на РСМ, во рамките на програмата за мировно образование при Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“.**

**Координативно тело за мировно образование**: Safet Neziri, Мирјана Златанова, Љубиша Николиќ, Наталија Кижевска, Блага Панева, Дана Бишкоска, Софка Коцева, Fatmire Ajdari, Ана Битољану, Јорданка Черепналкова Трајковска, Драги Змијанац и Гордана Пирковска Змијанац.

**Издавач:**
Драги Змијанац, претседател и основач

Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“,
Ул. Коста Новаковиќ бр.22а 1000 Скопје
Телефон: +3892 2465316, www.childrensembassy.org.mk
e-mail: info@childrensembassy.org.mk; peace@childrensembassy.org.mk

**Уредници**:
Гордана Пирковска Змијанац, Fatmire Ajdari и Ella Daalderop.

Овие модули се преведени на: македонски, shqip, english, türkçe, romani, bosanski и српски јазик.

Centre for Training and Networking in Nonviolent Action

Supported with funds from the BMZ

**Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“**

Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Arsimit dhe Shkencës